Врз основа на член 29 од Законот за урбано зеленило ( " Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24 ) и член 26 од Одлуката за комунален ред во Град Скопје ("Службен гласник на Град Скопје" бр.8/14, 4/19, 7/19, 1/21, 11/25, 13/25 и 4/26), по барање на [redacted] - **Скопје,** за интервенција врз зеленилото, Градоначалникот на Град Скопје, донесе

## РЕШЕНИЕ

1. **СЕ ОДОБРУВА** да се изврши кастрење на гранки на урбано зеленило ( останато зеленило ) на 1 (едно) дрво (липа), чии гранки од крошната на дрвото навлегуваат во воздушна линија во дворот на барателот на **ул. „Јоаким Осоговски“ бр. 6Б – Скопје.**
2. Кастрењето на дрвото ќе го изврши и организира барателот, најдоцна во рок од 30 дена, од денот на правосилноста на решението.
3. Кастрењето на дрвото да се изврши стручно и на соодветен начин, како би се одбегнале евентуални материјални и други штети. Евентуално причинетата штета ќе биде на товар на барателот.

## ОБРАЗЛОЖЕНИЕ

[redacted] **- Скопје** поднесе барање до Град Скопје – Сектор за комунални работи при администрацијата на Град Скопје заведено под бр. **14-6/566** од **06.07.2026** година, за кастрење на гранките од крошната на дрвото што навлегуваат во воздушна линија во дворот на барателот, што се наоѓаат на **ул. „Јоаким Осоговски“ бр. 6Б – Скопје.** Службено лице од Град Скопје заедно со службено лице од ЈП "Паркови и зеленило" – Скопје го разгледаа барањето и изврши непосреден увид на посочената локација.
При тоа е утврдено дека дрвото има разгранета крошна и надвиснати гранки над гаражата во дворот на барателот.

Согласно член 10 а во врска со член 1 став 2 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) останато зеленило се зелените површини или земјиштето наменето за озеленување, кои претставуваат придружна содржина на други основни намени, а се во сопственост на физички и правни лица, или дадени на нивно користење.

Согласно член 11 став 1 точка 1 од Законот за урбано зеленило (" Службен весник на Република Македонија " бр.11/18 и "Службен весник на Република Северна Македонија " бр. 42/20 и 224/24) зелените површините покрај објекти за домување (станбени куќи, станбени згради и друго) се сметаат за тип на останато зеленило.

Согласно член 14 од горе наведениот закон, подигање, одржување и реконструкција на останатото зеленило, кое е дел од градежна парцела со одредена намена, врши правно или физичко лице, сопственик или корисник на таа градежна парцела, во согласност со овој закон.
Во член 29 став 2 од наведениот закон стои дека врз основа на поднесеното барање општината или Градот Скопје се должни да донесат решение со што ќе ја утврдат

потребата за сечење, односно кастрење ( кроење е вид на кастрење при што се прават напори зеленилото да добие естетска форма ) на оштетеното дрво и на видливо место се обележува дека дрвото е за сечење или кастрење со црвена боја на височина од 130 сантиметри (сечење: „С“ или кастрење: „К“).
Во конкретниот случај овој орган има утврдено дека се работи за останато зеленило, дека зеленилото е во состојба што треба да се искастри, па поради се наведеното е одлучено како во диспозитивот.

**Правна поука:** Против ова решение може да се поднесе жалба до Министерство за животна средина и просторно планирање во рок од 15 дена од приемот.

Број **14-6/566/2**
**09.07.2026** година
Скопје

**Доставено до:** Барателот и Архива

изготвил:

**Марија Стојановска**

______________________

Раководител на Одд.
**Емил Ѓуровиќ**

______________________

Раководител на Сектор
**Зоран Лапевски**

______________________

Секретар на Град Скопје
**Славче Трпески**

РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА ГРАД СКОПЈЕ-СКОПЈЕ
QYTETI I SHKUPIT-SHKUP REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT